Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде оцена за ефективноста од имплементација на програмите и активностите за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, со посебен осврт на подобрување на постигнатиот ефект во развојот на малите и средни претпријатија. Со оваа ревизија ќе се даде придонес како да се подобри ефектот од програмите кои се имплементираат преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото во РМ и Министерството за економија - Сектор за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија.

Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Прелиминарните истражувања ревизорскиот тим ги спроведе во Министерството за економија - Секторот за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, посета на дел од Регионалните Бизнис Центри за поддршка на претпријатијата лоцирани во Струмица и Битола, посета на две Агенции за поддршка на претпријатија лоцирани во Тетово, Охрид, (ЕСА Центри), како и посета на еден бизнис инкубатор односно Старт - ап центар во Битола.

Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

- Законската регулатива, надлежности и стратешки документи за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија (МСП);

- Институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија;

- Програми за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија .

Со ревизијата ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и ќе се идентификуваат клучните фактори кои влијаат на ефективноста на имплементација на програмите и активностите за развој на претприемништвото во Република Македонија и ќе бидат дадени препораки за нивно надминување.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ________________ ____________________
2.________________

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се дадени во Прилог 1. - Опфат и методологија од овој извештај.

Ревизијата на успешност ја спроведе ревизорска екипа согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година.



Ревизорски тим:
1. ________________
2.________________

Овластен државен ревизор
____________________